# Меѓународна организација за заштита на животни

**Organisation Internationale pour la Protection des Animaux**
**Internationale Organisation für Tierschutz**
**Organizzazione Internazionale per la Protezione degli Animali**

Придружник на Одделот за јавно информирање на ОН
Organizzazione Non Governativa (ONG) affiliata al Dipartimento della Pubblica Informazione dell'ONU
**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
*Скопје, јуни 2014 година*

# ПРЕДЛОГ АМАНДМАНСКИ ИЗМЕНИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ МУЛТИЛАТЕРАЛНИ ПРЕГОВОРИ


***Едоардо Гандини***
***Претставник за односи со јавност за ОИПА и ЕУ***
***Координатор за кампањи за ОИПА и ЕУ***
***Член на Европската мрежа составена од адвокати и комесари за имплементација на законите за заштита и благосостојба на животните***

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**


# С О Д Р Ж И Н А:


- **ВОВЕД - ПОЗАДИНА, ЕВРОПСКИ ТЕКОВИ И ТЕНДЕНЦИИ ВО ОДНОС НА ЗАКОНСКАТА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ……………………………………………………………….страна 3**

- **<u>I дел:</u> КОМЕНТАРИ КОН ПРЕДЛОГ ИЗМЕНИТЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ПОДНЕСЕНИ ОД ОИПА интернешнал И АНИМА МУНДИ ………………………………………………………………. страна 13**

- **<u>II дел:</u> ПРЕДЛОГ АМАНДМАНСКИ ИЗМЕНИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ……………………………………………………………….страна 36**

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**


## ВОВЕД - ПОЗАДИНА, ЕВРОПСКИ ТЕКОВИ И ТЕНДЕНЦИИ ВО ОДНОС НА ЗАКОНСКАТА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ

Во Република Македонија (понатаму во текстот: Македонија) во сила е Законот за заштита и благосостојба на животните и, во тек е реформирање на легислативата во овој сектор. Заштитата и благосостојбата на животните во земјата едвај постои и е дефицитарна, и оваа состојба е слична и во другите околни земји.

Европскиот совет во декември 2005 г. ѝ даде на Македонија статус на *држава-кандидат*, и поради тоа во тек е процес на модернизација на земјата, кој неизбежно го опфаќа законодавниот систем и едукацијата во полето на заштита и благосостојба на животните.

Во Македонија постојано се крева свеста за т.н. „проблематика со животните", и истиот добива соодветно внимание од медиумите.

Во земјата се активни повеќе организации за заштита на животните: АНИМА МУНДИ, МАЛИ ХЕРОИ, ГЛАС ЗА ЖИВОТНИТЕ и други. Најголемата, АНИМА МУНДИ, има освоено неколку официјални награди, од кои може да се издвои наградата „Национална награда за организирање волонтерска работа" на 05.12.2012 година. Дополнително АНИМА МУНДИ веќе има имплементирано неколку проекти.

### Улога на Законот

Тргнувајќи од анализата на Џон Лок во „Есеј за човековото разбирање", тој му доделува на јавното мислење една задача, а тоа е набљудување на општеството, со цел да се воспостави јасна разлика

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


меѓу моралното право, изразено од јавноста, и граѓанското право, типично изразено преку политичка моќ; и од Имануел Кант кој акцентот го стави на јавното користење на разумот во сите области, можеме да ја разбереме важноста на улогата на верувањата, барањата и очекувањата од народот: да не биде само чувар на општеството, туку еден мотор и сила на инспирација и стимулација за законодавците.

Законот е всушност огледало на општеството врз кое владее во дадено време во историјата. Ако зборуваме за античкиот свет, ќе најдеме многу ситуации и активности кои се незамисливи за модерните општества, а се апсолутно нормални кога се ставани во соодветен контекст. Најважните постигнувања за глобални права се возможни благодарение на јавното мислење: на пример, расната еднаквост во Соединетите Американски Држави стана закон кога законодавците го разбраа и го прочита она што јавното мислење не можеше повеќе да го толерира.

**Во Македонија, освен фактот дека заштитата на животните е обезбедена со Закон, анкетите и статистиката покажува дека граѓаните се грижат и за благосостојбата на животните.**

Како аргумент ги изнесуваме податоците од последната анкета за ставот на жителите на Град Скопје – „Процена на бројот на бездомни кучиња, ставови и навики на граѓаните на територијата на Скопје, анкета за јавно мислење“ – спроведена од Агенцијата за храна и ветеринарство, подржана од RSPCA (септември, 2010), каде што на изјавата: „благосостојбата на бездомните кучиња ми е многу важна“, 86,5% од испитаниците одговориле дека им е многу важна (39,5% се согласувам, 46,2% целосно се согласувам). Истава анкета покажува дека 89,1% од граѓаните што не чуваат куче не прифаќаат убивање на бездомни кучиња.

## 1. Улога и вклученост на невладините организации

Усвојувањето на правни решенија во областа на заштита и благосостојба на животните со големо учество на невладиниот сектор, па дури и граѓани-поединци, е европска практика. Ако овој начин на усвојувањето на закони не се почитува кога станува збор, да речеме, за човекови права, постоењето на организации како што се ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ или АМНЕСТИ ИНТЕРНЕШЕНАЛ, би било излишно. Придонесот на релевантни невладини организации кои ги имаат потребната стручност и години искуство за специфичен проблем не само што е потребно во вакви случаи, туку е неспорно.

Кога овие закони би се носеле и би се креирале низ призмата на граѓанските здруженија, истите би биле поразбирливи, подолготрајни и нема толку често да подлежат на амандмани, но за жал, во моментов не е така.

Закон за заштита и благосостојба на животните кој е направен според европски стандарди, е закон кој треба да регулира поширока етичка тема, и пред сè треба да има големо едукативно влијание за подигнување на јавната свест во однос на третирањето на животните.

Ова значи дека Законот треба да има едукативен карактер, да придонесува кон создавање и применување на похумано третирање на сите животни и нивна соодветна заштита и благосостојба.

Важноста од вклучување на невладините организации (граѓанското општество) е јасно препознаена, поддржана и застапена во различна правна литература и препораки.

Член 71 од Повелбата на Обединетите Нации гласи: „Економскиот и Социјалниот совет може да прават соодветни спогодби со невладини организации кои работат на теми опфатени со надлежностите на овие две тела“.

Овој член бил отповикан на 49. пленарна средба на Економскиот и Социјалниот совет, кои ја усвоија Резолуцијата 31 на 25 јули 1996 г. „Консултативни односи меѓу Обединетите Нации и невладините организации“.

Европската унија е доста засегната со улогата која националните системи им ја даваат на граѓанските општества и невладините актери како што се невладините организации. Европската комисија уште во „Комисијата и невладините организации: градење на силно партнерство“[1] истакна дека резултатите постигнати преку соработка со НВО секторот во некои области треба да служат како модел за другите сектори.

Понатаму, во истиот документ, Европската комисија јасно ги дефинира карактеристиките кои ги прават невладините организации незаменливи партнери во демократскиот однос „држава-граѓански сектор“ и ги идентификува минималните услови кои една НВО мора да ги исполнува за да се смета за сигурен играч:

- Невладините организации не се создадени да генерираат профит. Иако во нив може да има платени вработени и се вклучени во активности кои носат приход, тие не го распределуваат профитот или вишокот на членовите или менаџментот;

[1] Дискусија на Комисијата, 18 јануари 2000 година, (ЦОМ (2000)11)

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org


- Невладините организации се волонтерски. Ова значи дека се формирани волонтерски и дека постои елемент на волонтерско учество во организацијата;
- Невладините организации се разликуваат од неформални или ad hoc групи, бидејќи имаат некој степен на формално или институционално постоење. Обично, невладините организации имаат формален статут или друг управителен документ во кој се одредуваат нивните мисија, цели и дејности. Тие се одговорни пред нивните членови и пред донаторите;
- Невладините организации се независни, особено од владините и други јавни авторитети, како и од политички или комерцијални организации;
- Невладините организации не се создадени за да си служат на себе. Нивната цел е силно да дејствуваат во јавноста, во однос на интересите и прашањата поврзани со благосостојбата на луѓето, специфични групи на луѓе или општеството како целина. Тие не се занимаваат со комерцијални или професионални интереси на членовите.

Сепак, според Европската комисија, желбата и потребата да се зајакне и да се подобри позитивната соработка меѓу Институциите и невладините организации е базирана на важни начела:

- Поттикнување партиципативна демократија;
- Застапување на погледите на специфични групи граѓани;
- Придонес во процесот на креирање политики;
- Придонес кон раководење со проекти;
- Придонес кон европска интеграција.

Стратегијата Европа 2020 за паметен, одржлив и инклузивен раст создава ново партнерство меѓу Институциите на ЕУ, националните и регионалните влади и европските заинтересирани страни. Комисијата постави приоритет да се зајакнат овие партнерства бидејќи невладините организации ги смета за основни актери, поради тоа што тие се вклучени во редовниот дијалог со надлежните во обид да обезбедат подобра имплементација на ЕУ иницијативите и политиките во земјите од ЕУ.
Важноста од вклучување на невладините организации во земјите како Македонија се потврдува со опсежната финансиска поддршка кои ваквиот тип на земји ги добиваат од Европската унија во

**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**

рамки на ИПА за развој на граѓанско општество и регионалните програми, како и преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права.

Посебно во Македонија – според последниот *Извештај за напредок*[2] - „слободата за собирање и здружување е генерално загарантирана" но „граѓанските организации сè уште се многу зависни од странски фондови" и „на постојните владини системи за имплементирање на Стратегијата за соработка со граѓанското општество им е потребно понатамошно зајакнување. Освен тоа, „ Ниту една мерка не е преземена за развој на граѓанско општество во руралните области и/или на ниво на општини. Единиците на локална самоуправа немаат капацитет во оваа област за да обезбедат стабилна соработка со и финансирање на локални граѓански организации".

## 2. Соработка меѓу Институциите и НВО-и за благосостојба на животните: компаративна анализа

Имајќи ја на ум важноста која може да ја има улогата на граѓанското општество, преку невладините организации, кои учествуваат во имплементација на политиките и процесот на демократизација во секоја земја, сега преминуваме кон анализа на улогата на невладините организации во полето на заштита и благосостојба на животните.

Во **Италија**, постои долгогодишна, цврста и интензива соработка меѓу институциите (централни и локални) и невладините организации за заштита на благосостојба на животните.

Уште во 1913 г. со Законот 611 (Закон бр. 611, 12.06.1913) е воспоставено ново тело од таканаречени *волонтерски еко-зоофили (чувари)*, кои се приватни агенти за безбедност од видни асоцијации за заштита и благосостојба на животните. Ова подоцна е потврдено и осовременето со Законот бр. 189 од 20.07.2004 г.

Понатаму, во тек на последните неколку месеци, беше организирана тркалезна маса за подготовка на легислативата за транспонирање на европската директива 63 од 22.09.2010 г. во националната легислатива и, по барање на Министерот за здравство, три експерти беа назначени од невладините организации за заштита и благосостојба на животните.

Освен тоа, општинските прифатилишта веќе со години под раководство на невладини организации назначени од релевантни институции.

---

[2] Република Македонија – Извештај за напредокот 2012 година, ЦОМ (2012)600

Во **Италија** улогата на невладините организации во полето на заштита на животните е препознаена и ценета од институциите, поради нивната способност за известување и осудување, за нивниот суштински придонес и нивните знаење и вештини.

Во **Белгија** има цврста врска меѓу институциите (централни и локални) и невладините организации за заштита и благосостојба на животните, кои се повикуваат за размени на мислења со политичарите и министрите, кога се подготвува легислатива поврзана со заштита на животните, со надлежните (Министерството за здравство и Службата за благосостојба на животни) во однос на усогласување со законите и регулативите поврзани со заштита на животните, со супермаркетите и сите приватни фирми што работат со прехрана за да се поттикнат да продаваат производи за чие создавање не биле злоупотребени животни.

Понатаму за улогата на НВО-и во Белгија, на пример, НВО Гаиа е член на Провинцискиот совет за благосостојба на животни од Лимбур, на Советот за благосостојба на животни од Антверпен и на Советот за благосостојба на животни од Херк де Стад.

Освен тоа, во поглавје 9 (Совет за благосостојба на животните) од Законот од 14.08.1986 г. (Закон за заштита и благосостојба на животните) се вели дека: „Во Министерството за земјоделство, е формиран Совет за благосостојбата на животните. Кралот го определува составот на Советот и неговото функционирање. Ќе бидат вклучени и претставниците на националните или регионалните здруженија за заштита на животните, научните и медицинските истражувачи и земјоделците", член 31, и "мисијата на Советот е да ги проучува проблемите поврзани со заштитата и благосостојбата на животните. Тој им го дава своето мислење по спроведување на истражувањата, задача што му ја доверува Министерот за земјоделство, и може да поднесе секаков предлог“, член 32.

Во **Холандија**, честопати невладините организации за заштита и благосостојба на животните се назначени како консултанти за време на правните процеси (на пример, Холандското здружение за заштита на животните објави извештај во 1985 г. кој дозволува вклучување на поглавје за трансгени животни во новиот холандски закон за заштита и благосостојба на животните) и се активни од едукативен аспект. На пример, волонтери од НВО *Асоцијација за заштита на животните на кралицата Софија* ги едуцираат малите деца од училиштата како да се однесуваат со кучиња, со што се спречуваат каснувања од куче и страв од кучиња.

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


Во **Хрватска** во член 34 од Законот за заштита на животните (01.12.2006, класа 011-01/06-01/76; број 71-05-03/1-06-2), за „Етичката комисија" се вели дека: „(1) Министерот ќе воспостави етичка комисија; 92) Членството во етичката комисија ќе се состои од експерти на полето на ветеринарна медицина, хумана медицина, биологија, фармација, биохемија и агрономија, како и претставници од државната администрација за наука и образование и претставници од асоцијациите за заштита на животните; (3) Етичката комисија ќе: а) дава мислења по етички прашања и прашања за заштита на животните во врска со употребата на животни за експериментални и едукативни цели, б) предлага критериуми и ќе дава мислења до надлежните за време на процедурата за доделување овластување за извршување на некој експеримент, в) подготвува годишен извештај за својата работа и ќе го праќа до Министерот, до крајот на март секоја година, извештај за претходната година, г) Етичката комисија ќе усвојува правилници", и во член 35, за „Комисијата за заштита на животните" се вели дека: „(1) Министерот ќе основа Комисија за заштита на животните (понатаму во текстот Комисија); (2) Членството во Комисијата ќе се состои од претставници од: а) телото на државната администрација за наука и образование, б) телото на државната администрација за заштита на животната средина, в) Факултетот за ветеринарна медицина, в) Медицинскиот факултет, д) Факултетот за земјоделство, ѓ) Хрватската ветеринарна комора, е) Хрватската стопанска комора, ж) Хрватската трговска и занаетчиска комора, з) Асоцијациите за заштита на животните; (3) Комисијата ќе: а) дава мислења по предлозите за легислативата во полето на заштита на животните, б) поттикнува усвојување или изменување на легислативата во полето на заштита на животните, в) има должност паралелно да ги промовира научниот и техничкиот развој во полето на заштита на животните во Република Хрватска и Европската унија, и да дава предлози за подобрување на заштитата на животните во Република Хрватска, г) подготвува годишен извештај за својата работа и ќе го праќа до Министерот, до крајот на март секоја година, извештај за претходната година, д) по барање на надлежните од државната администрација, ќе обезбеди мислење за прашањата поврзани со заштитата на животните; (4) Комисијата ќе усвојува сопствени правилници;

Исто така, во **Бугарија** соработката меѓу институциите и невладините организации за заштита и благосостојба на животните е подржана со закон. Поточно, во член 2 од Законот за заштита на животните (од 31.01.2008 година) се вели дека: „Извршните и локалните власти, заедно со невладините организации, ќе подготвуваат и имплементираат едукативни програми поврзани со

заштита на животните, како и за чување, размножување, тргување и тргување со животните во согласност со одредбите на овој Закон".

Во **Босна и Херцеговина** во член 31 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на БиХ" бр. 25/2009) се вели дека: „Надлежниот министер заедно со министерот надлежен за заштита на природата и животната средина, како и министерот за наука и технологија ќе формираат етичка комисија од седум членови, вклучително претставник кој е експерт за животна средина, доктори, ветеринари и научници, како и претставници од невладините организации кои како правна обврска ја имаат заштитата на животните".

Во контекст на оваа куса анализа јасно и неспорно е дека една позитивна и конструктивна соработка меѓу институциите и невладините организации обезбедува одлични резултати на полето на заштита и благосостојба на животните и во смисла на законска рамка, кога невладините организации го даваат своето искуство и своите технички познавања, и во едукативниот сектор каде што тие промовираат подобро разбирање и поголема почит кон кучињата и другите животни.

### 3. ЖИВОТНИТЕ СЕ СВЕСНИ СУШТЕСТВА

Со Договорот од Лисабон и, особено, со членот 13 од Договорот за функционирање на Европската унија (понатаму во текстот ДФЕУ), европските институции пратија јасна порака за правната состојба на животните: тие не се предмети, ниту обични живи суштества, туку свесни суштества.

Оваа дефиниција е неспорна промена на претходната состојба, но за целосно разбирање на ваквата иновација е потребно кусо, но разбирливо појаснување на врската меѓу европското право и животните.

Прв битен доказ за европскиот напредок во однос на животните е европската Конвенција за заштита на животните-миленици во 1987 г.[3]

Во преамбулата има неколку точки преку кои се идентификува потребата, или поточно, обврската да се воспостават одредени должности на луѓето кон животните: „Човекот има морална обврска да ги почитува сите живи суштества и да има на ум дека домашните миленици имаат посебен однос кон човекот; Да се има предвид важноста на милениците во нивниот придонес кон квалитетот на

[3] Европска Конвенција за заштита на миленици, Стразбур, 13.11.1987, Совет на Европа, Договор бр. 125

живеење и нивната вредност во општеството; Да се имаат предвид тешкотиите кои се јавуваат од енормната разноликост на животни кои човекот ги чува; Да се имаат предвид ризиците кои се јавуваат при преголема популација на животни во однос на хигиена, здравје и безбедност на човекот и на другите животни".

Подоцна, заедно со Договорот од Мастрихт, изготвена е Декларацијата за заштита на животните во која тие се препознаени како свесни суштества.

Како доказ за важноста на член 13 од ДФЕУ стои фактот дека тој не е само производ на импровизиран компромис, туку, напротив, неговата содржина е дебатирана на широко за време на преговорите за Европскиот устав (в. последна верзија, член III-121).

Имајќи го ова предвид, да го испитаме правниот капацитет на член 13, почнувајќи од улогата на Лисабонскиот договор, кој како извор на примарниот Закон на Унијата, е директно правосилен во сите држави-членки.

Текстот на одредбата јасно покажува дека статусот на животните тргнува од нивната конотација како правни субјекти: животното е всушност, идентификувано како свесно суштество. Затоа, животното се разликува од животната средина и, како правен субјект, не може да се гледа едноставно како биолошки елемент на природата.

Понатаму, правната субјективност на животното е недвосмислено докажана со концептот за благосостојба на животните кој е типичен за правните лица и не се однесува на стоки или предмети. Со тоа, оваа одредба ги обврзува и Унијата и државите-членки да обрнат целосно внимание на благосостојбата на животните и дава уште еден доказ за вредноста и капацитетот на ова достигнување.

На крајот, целото правно значење на членот 13 од ДФЕУ јасно го надминува компромисот истакнат во вториот дел од одредбата и дава јасна и недвосмислена индикација на правникот, и со тоа на законодавецот, за правните позициите вредни за заштита: благосостојбата и заштитата на свесно суштество не смее никогаш да биде подредена на религиски барања или други традиции.

**4. ПЕТТЕ СЛОБОДИ**

Македонија е членка на Светската организација за благосостојба на животните (во натамошниот текст OIE). Во 2002 година, OIE создаде постојана работна група за благосостојба на животните, чија прва задача беше да се развие еден сет на водечки принципи кои ги усвои Меѓународниот комитет на државите-членки на OIE за време на 72. Генерално собрание во мај 2004 година и сега се вклучени во Законикот за благосостојба на копнени животни на OIE. Меѓу нив, се наоѓаат и меѓународно признатите Пет слободи кои даваат значајни насоки во областа за благосостојба на животните.

Таканаречените Пет слободи се веќе вклучени или наведени во националните законодавства, на пример во Нов Зеланд каде што тие се користат како дел од дефиницијата за „животно“ (Закон за благосостојба на животните од 1999 година) и во Костарика, каде што тие се сметаат за „основни услови“ за благосостојба на животните (Закон за благосостојба на животните од 1994 година). Петте слободи се вклучени и во Европската конвенција за заштита на животни кои се чуваат за фармски цели, а во Директивата на Советот 98/58/CE за заштита на животни кои се чуваат за фармски цели овие Пет слободи се одразуваат во општите правила.

За целосно да се разбере важноста на овие слободи и да се сподели ова знаење на младите генерации, Европската комисија го создаде софтверот „Обработливо земјиште- игра која е целосно се базира на концептот на Петте слободи кои ги гарантираат минималните стандарди за благосостојба на фармските животни.

# I ДЕЛ

# Коментари кон предлогот за изменување на Законот за заштита и благосостојба на животните, поднесени од ОИПА и АНИМА МУНДИ

## 4. ТЕСТИРАЊЕ ВРЗ ЖИВОТНИ

Во Европа и во светот постои широко распространета етичка загриженост во врска со експериментирањето врз животни т.е. употребата на животни во експериментални постапки. **Јавното мислење, поткрепено од бројни научни истражувања и анализи укажа на морална неприфатеност но и научна недоволна убедливост дека истите секогаш се потребни, најсоодветни или доволно ефикасни и оправдливи.**

Од 2011 година здружението Анима Мунди стана членка – македонски претставник во една од најсилните и највлијателните интернационални организации за прекин на експерименти врз животни ECEAE (**Европска коалиција за прекин на експериментите со животни http://eceae.org/**) кои преку свои броен експертски истражувачки персонал и потенцијал се залага за укинување (замена) на овој облик на искористување на животните во интерес на луѓето и животните, и директно влијае врз политиките и директивите на Европската Унија кои го опфаќаат ова прашање. Токму затоа во оваа област ги предлагаме измените и дополнувањата предложени од страна на ECEAE , кои ги дадоа по темелна анализа на Предлог Законот за заштита и благосостојба на животните на Р. Македонија , а кои се однесуваат на оваа проблематика:

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**

1) 1) Секогаш да се забрани употребата на животните,доколку постои меѓународно потврден алтернативен метод;
2) Забрана за експерименти врз следните видови животни:

- загрозени видови согласно закондавтсвото на Република Македонија и меѓународоното право за заштита на видови од дивата фауна;
- не-човеколики примати;
- човеколики примати;
- животни земени од дивината
- животни скитници кои припаѓаат на видови домашни животни.

2) Обврска за финансирање на развојот на алтернативни методи со процент повисок од 50% од вкупниот износ наменет за научни истражувања во Република Македонија;

3) Признавање на правото на приговор во сите универзитети, болници, јавни и приватни центри како што е случај во најнапредната легислатива во светот.

Нивните укажувања имаат и конкретна поткрепа во политиките на ЕУ.

**Појаснувања:** Во член 13 на прочистената верзија од Договорот за Европската унија и Договорот за функционирање на Европската Унија се наведува дека животните се чувствителни битија, поради што ЕУ и државите-членки посветуваат големо внимание на благосостојбата на животните. Во директивата број 63/2010/EU стои дека животните имаат сами по себе вредност која мора да се почитува. Исто така, постои широко распространета етичка загриженост во врска со експериментирањето врз животни т.е. употребата на животни во експериментални постапки.

**Директивата 63/2010/EU која земјите-членки треба да ја имплементираат во нивното национално законодавсто, не дозволува спроведување на експерименти врз напуштени и диви животни, освен во строго дефинирани случаи. Затоа е важно, со Законот за заштита и благосостојба на животните да се забрани експериментирање врз напуштени и диви животни, со што, кај непостоечките или недоволно прецизните одредби нема да има простор за двосмислено толкување и злоупотреба**. Законот за заштита на животните нема одредби за регулирање на спроведување на експерименти на примати и напуштени животни и диви животни (освен за производство на биолошки препарати**).**

Неопходно е Законот јасно да забранува вршење на експерименти врз диви животни и животни скитници, според чл. 11 Директива 2010/63/EU на Европскиот парламент и на Советот од 2010 година. за заштита на животните што се користат за научни цели .

Директивата 63/2010/EU, која земјите-членки на ЕУ треба да ја имплементираат во нивното национално законодавство, гласи:

**„ Од причина што статусот на напуштените и дивите животни не ни е познат и од причина што фаќањето и сместувањето во објекти на таквите животни им го зголемува стресот, тие по правило не би требале да бидат користени во експериментални постапки„ (21)**

- Член 11

Напуштени (бездомни) животни и диви животни од домашни видови

1 Напуштени (бездомни) животни и диви животни од домашни видови не смеат да се користат во експериментални постапки.

2 Само надлежен орган може да одобри исклучоци од став 1 само во следниве услови:

(а) доколку постои итна потреба за истражување во врска со здравјето на животните и нивната благосостојба или ако постои сериозна закана кон животната средина или здравјето на луѓето или животните,

(б) доколку постои научно докажано оправдание дека целта на постапката ќе биде постигната **единствено** со користење на диви или напуштени животни

.

Директивата 63/2010/EU, во основа не дозволува спроведување на експерименти врз напуштени и диви животни, освен во строго дефинирани случаи. **Затоа, важно е Законот за заштита на животните да ја забрани оваа практика, со што непостоечките или недоволно прецизните одредби нема да бидат предмет на двосмислено толкување и злоупотреба.**

Како организација која се бори за правата на животните, секојдневно добиваме информации за црниот пазар за напуштени животни кои, под маската на вдомување во странство, се препродаваат во лаборатории за експерименти. Таквиот пазар не може да се контролира. Ние не сакаме Р. Македонија да биде дел од таков пазар. Овде постои повреда на бројни прописи, вклучувајќи ги и оние што се однесуваат на благосостојбата на животните.

Во член 13 на прочистената верзија од Договорот за Европската унија и Договорот за функционирање на Европската Унија се наведува дека животните се чувствителни битија, поради што ЕУ и државите-членки посветуваат големо внимание на барањата за благосостојба на животните. Исто така, постои широко распространета етичка загриженост во врска со експериментирањето врз животни т.е. употребата на животни во експериментални постапки. Етички, но и правно е неприфатливо користење на напуштени животни во експерименти.

Спроведувањето на експерименти врз животните скитници остава простор за манипулација, особено во Македонија, каде ситуацијата со животните скитници е навистина несредена.

Исто така, важно е да се напомене дека членот 2 од Директивата 63/2010/EU, која се однесува на построги домашни мерки, предвидува дека "**земјите-членки можат, со почитување на општите правила утврдени со Договорот за функционирање на Европската унија, да ги задржат во сила одредбите од деветти ноември 2010 година.**

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org


**насочени кон обезбедување посеопфатна заштита на животни кои спаѓаат во доменот на оваа Директива од оние содржани во оваа Директива**." Пред 1 јануари 2013 година. земјите-членки ќе ја известат Комисијата за таквите национални одредби.

Во Директивата исто така се наведува дека "**ставовите кон животните, исто така, зависат од националните перцепции и некои земји членки бараат да ги задржат општите правила во однос на благосостојбата на животните. Во интерес на животните и под услов тоа да не влијае на функционирањето на внатрешниот пазар, потребно е да се овозможи кај земјите-членки одредена флексибилност во однос на задржување на националните правила во насока на поширока заштита на животните до онаа мера во која тие ќе бидат во согласност со Договорот за функционирање на Европската унија**.„

Овозможувањето на експерименти врз животните скитници под одредени околности, со Директивата 63/2010/EU се шокирани не се само организациите за заштита на животните и и граѓаните љубители туку и членови на парламентот.

Многу членови на Парламентот сметаат дека оваа практика е "одвратна, варварска и неоправдана под никакви околности" и ја повикуваат Владата да суспендира било какво разгледување на ваквите практики, а во исто време и дава до знаење на научната заедница дека има намера да се движат брзо кон целосна забрана за експериментите со животни во Англија

Со оглед на потребата за Законот за заштита на животните да ги штити интересите на животните и нивното право да живеат ослободени од страдање и болка, Законот треба да обезбеди максимална заштита на благосостојбата на животните и јасно да забрани експерименти врз напуштени и диви животни.

Воедно посочуваме – доколку се одобрат експерименти врз бездомните животни, животните кои доаѓаат од дивина или приматите – што не беше случај со Законот за заштита и благосостојба на животните од 2007 година,, **новиот Законот за заштита и благосостојба на Р. Македонија ќе покаже сериозно уназадување во однос на претходниот, што е етички неприфатливо и неопходно е да се одбегне Целта на законот е да биде унапреден а не уназаден – во спротивно и без сомнение ќе наиде на голема осуда на јавноста**. Веруваме дека е важно да горепосочените аргументи бидат сериозно земени во предвид и да, со Законот за заштита и благосостојба на животните изстапиме чекор понапред, покажувајќи го високото ниво свест во однос на животните и нивната заштита, со што ќе ја унапредиме хуманоста во Р. Македонија.

**6. БЕЗДОМНИ ЖИВОТНИ - справување со бездомните животни: анализа на овој феномен и потенцијални решенија**

Сегашниот начин на справување со бездомните кучиња во Македонија е несомнено негативен. Со години земјата има политика на убивање како начин на справување со популацијата напуштени кучиња и мачки без забележителни резултати ниту во

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org

намалување на нивниот број ниту, пак, очигледно, во создавање на одговорни сопственици, ниту во однос на едукација за позитивен соживот меѓу луѓето и животните. Сторените масакри се документирани и најстрого осудени од страна на многу македонски граѓани, организации за благосостојбата на животните, како и иселеници и туристи. Покрај тоа, централните и локалните власти имаат потрошено огромни средства за оваа цел.

**6.1. Популација на бездомни животни: од каде доаѓаат?**

Властите во многу земји веруваат дека единствениот начин да се задржи под контрола популацијата на бездомни животни е истите да се убијат. Меѓутоа, како тоа е скап и целосно бескорисен метод: убивањето на животните ги отстранува (за кратко време) симптомите, но нема ни минимално влијание врз причините за овој феномен.

Всушност, воопшто не изненадува тоа што во оние земји каде што овој метод секогаш или во голема мера се користи, проблемот со бездомните животни сè уште не е решен и/или се продлабочува, додека онаму каде што се применуваат другите политики проблемот е делумно или целосно надминат.

**КОИ СЕ ПРИЧИНИТЕ за појава на бездомни кучиња? Еве некои:**

• Неодговорно сопственилштво;
  - Претерано- неконтролирано размножување на миленици
  - Напуштање на милениците

• Недостиг на образование за урбаната средина;

• Недостиг на образование за правата на животните;

• Несоодветно управување со (јавни / приватни) прифатилишта

• Непостоење на соодветна законска рамка која ќе ги третира и опфати сите наведени проблеми

**6.1 Прашања поврзани со бездомните животни**

Иако овој феномен е надминат или ставен под контрола во многу земји, постојат големи области во Европа каде што проблемот со бројот на бездомни кучиња и мачки сѐ уште не е решен.

Драматичната ситуација во шпанското прифатилиште со политика за убивање Perreras, низ романските улици и нечовечкото насилство извршено по повод последното Европско првенство во фудбал во Украина беа причина за уште посилен притисок од страна на луѓето кои бараат надлежните да престанат со ваквите бескрајни масакри.

Но, не е само етичкиот аспект во прашање:

- Јавно здравје: идентификувани се повеќе од 100 зоонозни болести, патогени кои се пренесуваат од кучиња и мачки на човекот и други животни;
- Загадување на животната средина: оставање на екскретите во населени области и генетско загадување на популацијата на диви животни;
- Непријатни фактори: бучава и мирис;
- Див свет: ловење диви цицачи и птици;
- Штета на имот и добиток;
- Благосостојба на животните: повреди од сообраќајни несреќи, агресивни конфронтации и тепачки со кучиња, болести од неухранетост, малтретирање и насилство од страна на човекот;
- Организиран криминал: нелегално одгледување и трговија со животни, особено од источните европски земји;
- Заштита на потрошувачите: често деца и постари луѓе, сопствениците на животни и љубители на животни или обични граѓани се постојано изложени на насилство и злоупотреба на животни, понекогаш и самите тие се директно загрозени и вербално или дури и физички нападнати од страна на *ловците на кучиња* и агресивните луѓе.

Сериозноста на оваа појава е особено голема во источните европски земји бидејќи често е во спротивност со параметрите за пристапување кон ЕУ главно во врска со политиките за урбана животна средина.

Многупати Европскиот парламент (глас на милиони граѓани) ги повика европските и националните институции да промовираат и спроведуваат долгорочни политики насочени кон конкретни цели за да се заштитат и животните и луѓето.

**6.2. Да нема повеќе бездомни животни, како да се постигне оваа цел?**

Постојат многу можни стратегии за решавање на проблемот со бездомни животни. Да разгледаме некои од нив:

• Игнорирање на феноменот: Ако надлежните одлучат да не се соочат со ова прашање, луѓето би очекувале дека бројот на бездомни животни значително ќе се зголеми. Сепак, ова нема да се случи поради одредени фактори –како што се на пример, храна, вода и територија– кои постојат и бидејќи се ограничени на конкретната област може да преживеат само одреден, максимален број на единки. **Нема големи трошоци, нема придобивки.**

• Убивање на животните: Доколку локалните власти одлучат да ги убиваат бездомните животни, ќе постигнат само преживеаните примероци да се размножуваат побрзо и повторно бројот на бездомни животни ќе го достигне максималниот број за конкретната област.

Оваа стратегија, покрај тоа што е во спротивност со Европската конвенција за заштита на животните, е многу понегативна од првата во однос на етичкиот, едукативниот и економскиот аспект. Затоа, не изненадува фактот дека таму каде што овој пристап наоѓал и сѐ уште наоѓа примена (како што е случајот во Македонија) многу од јавните пари циклично залудно се трошат, а се развива насилно и сурово однесување кон животните од страна на локалното население. **Огромни трошоци, нема придобивки**.

• Заловување на животните и чување во прифатилишта: Оваа стратегија е несомнено похумана, но тоа е палијативен третман, бидејќи нејзините ефекти можат да траат само неколку месеци, додека не се достигне максималниот капацитет на единки. Меѓутоа, ако оваа стратегија се применува заедно со други позитивни политики, на подолг рок ќе се постигнат забележителни резултати. Трошоците на таква програма се многу високи, ако не се спроведува правилно, меѓутоа се разумни, ако се работи правилно. **Високи / разумни трошоци, без/ со некакви придобивки**.

• Идентификација и регистрација: создавање на регистар на кучиња и мачки кој им овозможува бележење на сите животни со микрочип гарантира нискобуџетно управување со феноменот на бездомни животни.

Покрај тоа, чипувањето е моќна алатка за сопствениците на животни и претставува пречка за напуштање на животните. Сепак, тоа е неефикасен систем, ако не се спроведува заедно со други иницијативи за намалување на бројот на бездомните животни. **Ниски трошоци, голем број на придобивки**.

• Стерилизација: Светската здравствена организација, како и најважните и сериозни НВО-и тврдат дека стерилизација е единствен валиден и ефикасен начин да се управува со бројот на бездомни кучиња и мачки. Примената на овој метод овозможува примена на практики за контрола на популацијата на бездомни животни со кои се почитуваат благосостојбата на животните, здравјето на јавноста и малиот буџет. Ослободување на животните на местото каде што се најдени создава здрави животни и ги задржува непроменети не само изворите на храна, туку и пристапот до прифатилиште и со сето ова се избегнува доаѓањето на болни и нестерилизирани животни во целните области. **Разумни трошоци, огромни придобивки**.

**6.4 Како да го решиме прашањето на бездомните животни?**

Ако сакаме да се справиме со проблемот на бездомните кучиња и ако имаме намера да постигнеме забележителни резултати на долг рок, од клучно значење е спроведување на структуиран и комплексен систем кој опфаќа услуги од законодавен, образовен, правен и здравствен аспект.

Од законска гледна точка следниве точки се од суштинско значење:
• **Да се прекине со сите непотребни, нехумани и скапи кампањи за убивање на животните и да се применува исклучиво методата на масовна стерилизација на кучињата, нивна вакцинација и трајно обележување, на национално ниво**;
• **Да се создаде јавна и единствена база на податоци од домашни миленици;**
• **Да се налага идентификација и регистрација на животните со сопственик;**
*Да се поттикнува кастрација и стерилизација на домашните миленици преку оданочување за некастриран миленик и субвенционирање на кастрацијата и стерилизацијата од страна на општината/државата. (ова би требало да биде национална програма). Да се излезе со програма која ке ги опфати и ќе им помогне особено на сопствениците на миленици во руралните и приградски средини ( овие кучиња најчесто во поголем дел од денот лутаат слободно) каде достапност на ветеринарни услуги и грижа е дефицитарна, со мобилни вет. екипи за кастрација.*
• **Да се налага идентификација на животни сместени во прифатилишта и на оние кои се стерилизирани/ кастрирани и пуштени;**

- **Да се воспостави соработка со здруженијата за заштита на животни кои се неизбежно потребни во насока на промовирање на вдомување на бездомни животни, и на нив да се гледа како на активни партнери на институциите надлежни за проблемот со бездомни кучињна.** Здруженијата треба да се легитимни признаени посредници во процесот и промовирањето на вдомувањето.

Здруженијата да добијат дозвола да вршат дејност на комунални редари и да имаат такви ингеренции за мал надомест, кој ке оди на сметките на здруженијата. (не мислам на полно

работно време, туку да имаат мандат да реагираат на неправилности и да пријавуваат и казнуваат.

**• Да се налага вакцинација против зоонотски заболувања што може да го загрозат здравјето на луѓето;**

**• Да се забрани и да се казнува суровост и злоупотреба на миленици;**

**• Да се воспостави закон за држење на поводник;**

**• Да се регулира дејноста на пет-шоповите и одгледувачниците**;

Оваа трговска гранка го продлабочува проблемот со прекубројноста на бездомните животни. Постои претерана понуда на миленици, претерано размножување за кое реално нема побарувачка, и апроксимативно две третини од овие зивотни со кои се тргува со сигурност завршуваат на улица и стануваат комунален проблем. Затоа предлагаме високо оданочување на овој бизнис,строги контроли на условите во одгледгледување и петшоповите и високи критериуми за нивно држење.

**• Милениците да се заштитат од суровост, занемарување и убивање;**

Засилување и имплементација на соодветни казнени мерки при секој случај на суровост, занемарување и убивање**.**

**• Да се воспостави национален рамковен закон за прифатилишта.**

Образованието е едно од долгорочните позитивни решенија за контрола на бездомните животни, па затоа од фундаментално значење е промовирање на едукативни кампањи насочени кон промовирање на непречена и конструктивна коегзистенција меѓу луѓето и животните. За да се постигнат споменатите резултати, потребно е во овие кампањи покрај сопствениците на животни, да се вклучат сите граѓани (возрасни, млади и деца) со вклучување на сите релевантни чинители (на пример, училиштата и медиумите), како и луѓето кои работат со животни. Главните аспекти се однесуваат на следново:

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org

• Да се воведе концептот на одговорно сопственишто, важноста од стерилизација, вакцинација, идентификација и регистрација;

• Да се поттикнат сопствениците да ги стерилизираат, вакцинираат, да ги идентификуваат и да ги регистрираат своите миленици;

• Да се поттикнат и промовираат најдобрите практики од соседните земји;

• Да се промовира одговорна грижа за маалските бездомни кучиња;

• Да се едуцираат граѓаните и да се промовира почитувањето на биолошките, психолошките и етолошките потреби на милениците;

• Да се поттикнат волонтерството во прифатилиштата за кучиња и одговорното вдомување;

• Да се обесхрабри купувањето на домашни миленици;

• Да се поттикнат луѓето да пријавуваат малтретирање, злоупотреба и убиство на животни до соодветните органи;

• Да се обучат луѓето кои работат со животни (како во прифатилиштата, така и на улиците).

**Од правна и судска гледна точка треба да се гарантираат следните критериуми:**

• Полицијата и судството треба да бидат оспособени за примање извештаи во случаи на малтретирање, злоупотреба или убивање на животни и треба да бидат подготвени и спремни да спроведат истраги за кривични дела против животни (в. дел 6, Полиција за животни)

• Исто така, полицијата и судството треба да бидат оспособени да го следат раководењето на прифатилиштата во кои не смее да постои ризик од конфликт на интереси и корупција. Ова важи особено за општинските прифатилишта.

Од здравствена гледна точка, програмата Залови-стерилизирај-врати (CNR), дел од Европската конвенција за заштита на домашни миленици, призната од страна на Светската здравствена организација, различни национални закони и бројни меѓународни НВО-и за

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org

благосостојбата на животните, е единствено решение што ќе придонесе за позитивни, долгорочни и одржливи резултати во управувањето со бездомните животни, особено ако се применува во комбинација со веќе спомenатите законодавни, образовни и судски алатки.

Стерилизацијата на животните со сопственик и бездомните кучиња и мачки, исто така, им помага на поединечните животни во намалување на опасноста од болести, ги отстранува трошоците за енергија во одгледување и го намалува метаболизмот поради што се олеснува одржувањето на тежината кај животните. Покрај тоа, има придобивки и во однесувањето кај кучињата и кај мачките, т.е. се намалува раздразливоста на животните до 90%/

**6.5 Предложени решенија во Македонија**

Во контекст на горенаведеното и спроведената анализа на тековната ситуација во Македонија, се предлагаат и силно се препорачуваат следниве иницијативи, кои во неколку наврати беа усвоени и подржани и од страна на Европскиот парламент:

• Како држава-членка на Советот на Европа, Република Македонија треба да ја потпише и ратификува, што е можно поскоро, Европската конвенција за заштита на животните;

• Веднаш да престанат сите кампањи и активности за убивање на животни и да започне решавање на прашањето на алтернативен начин следејќи ги насоките на Светската здравствена организација, како што е програмата Залови-стерилизирај-врати, и исклучување на усмртувањето (законска забрана за еутаназија на бездомните животни) ;

• Да се бара од општинските власти да ги реорганизираат општинските прифатилишта во соработка со НВО-и за благосостојбата на животните;

• Да се промовираат едукативни кампањи со фокус на сопствениците, граѓаните и работниците кои имаат контакт со животни во соработка со сите релевантни чинители како што се, меѓу другите, НВО-и за благосостојбата на животните, училиштата и медиумите;

• Да се организираат овие едукативни кампањи следејќи ги горенаведените критериуми и цели;

• Да се воспостави национален рамковен закон за прифатилишта; и воведе обврска за огласување на животните во прифатилиштата

• Да се поттикне волонтерството во прифатилиштата и одговорно вдомување;

• Да се регулира дејноста на пет-шоповите и одгледувачниците, особено продавниците и комерцијалните одгледувачи треба да бидат лиценцирани на основа на инспекција за да се осигура дека просториите и условите во кои животните се чуваат се погодни од гледна точка на благосостојбата на животните, како и јавното здравство, и дека е обезбедена соодветна грижа за животните;

• Да се воспостави ефикасен правен систем за заштита и благосостојбата на животните.

**Со цел сеопфатно третирање и решавање на проблемот со прекубројноста на кучињата, предлагаме и воведување на забрана за непречено размножување на домашни животни**

Треба да постои јасна законска разлика помеѓу домашни животни (миленици) и животни во одгледувачници. Само на овој начин може да се спроведува ефикасен надзор и контрола врз регистрираните одгледувачници и одгледувачите кои остваруваат приходи од продажбата на животни и подлежат на различни правила и оданочувања за разлика од физичките лица. Воедно со воведување на таков механизам директно ќе се влијае врз намалувањето на бројот на напуштени и/или бездомни кучиња кои во најголема мера се резултат на непречено размножување и напуштање на домашните миленици од страна на несовесни граѓани.

**КАТЕГОРИЈА„ОПАСНИ КУЧИЊА“**

Во рамки на предлог Законот ја сметаме за неоснована и не прифатлива дискриминација на животните по раса, и при тоа инсистираме агресијата или опасноста да биде исклучиво

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org


востановена врз основа на дефиниран тест на агресија, кај секоја единка поединечно; како и анализа на условите зошто некое животно пројавува агресија.

Тука го приложуваме фактот што питбулот во денешно време има лоша репутација како „опасно" куче , а фактите велат дека оваа раса било создадено за чување деца, дека е куче со исклучително стабилен карактер оттаму и го добила прекарот *дадилка.* Манипулацијата на неговите навики и однесување е зависи иклкучиво од факторот човек, во кого треба да се бара вината.

(1) Воедно за опасните кучиња дефинирани во истиот член :

- кои без причина нападнале човек и му нанеле телесни повреди или смрт;
- кои се затекнати во организирана борба на животни;
- кои на тестот на социјализација се прогласени за опасни кучиња

со цел да се обезбеди непристрасност и објективна проценка сметаме дека е потребно и здруженијата за заштита на животните да учествуваат во спроведувањето на тест за социјализација за утврдување на агресивност преку свој претставник (стручно лице) и последователно на проценката да имаат удел во конечната одлука.

**Кучиња злоупотребувани во борби на кучиња**

Суштински важно е да се препознае широката злоупотреба на животните за борби и генерирање профит, крвав бизнис кој е распространет во Р. Македонија за што здруженијата за заштита на животни како и бројни поединци извршиле голем број пријави во надлежните институции. Сепак реалноста и фактите кажуваат дека казни по сторителите речиси да нема, а истрагите по сторителите се недоволно сериозни и ефективни.
Во ваквите случаи жртви на екстремна суровост и злоупотреба се самите животни кои се учени и приморани да се повредуваат и борат до смрт. Тие животни се изгладнувани, повредувани, тепани, често пати и третирани со разни видови хемиски стимулански со цел предизвикување и поттикнување агресија врз други кучиња. За таа цел, а во функција на суштинско спроведување на Законот за заштита и благосостојба на животните неопходно е најстрого да се обесхрабат и санкционираат сторителите на овие дела, а воедно е должност животните да се заштитат, спасат и им биде дадена можност за нормален живот и вдомување.

Етички не е прифатливо – т.е. би било скандалозно, сурово и осудено од широката јавност овие животни да се убиваат.

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


Пресликано во услови кога би станувало збор за луѓе, тоа би значело да човек жртва на злоупотреба и насилство од поединци, последователно стане жртва на институциите. Институциите се должни да ги препознаат борбите со кучиња како сериозен деликт најстрого да ги казнат сторителите – а на животните, кои се жртви да им помогнат. Доколку животните се убиваат, со тоа ќе се практикува нехуманост, трасира патот кон креирање на едно насилно, нетолерантно, ксенофобично општество кое ги алибира злосторниците, а казнива животните.
Соработка помеѓу граѓаните, здруженијата за заштита на животни, Агенцијата за храна и ветеринарство и Министерството за внатрешни работи е суштинаки важна за сузбивање на овој вид насилство врз животни, противправно и криминално дејствие и заработувачка.

**За таа цел предлагаме зголемување на казните за злоупотреба на кучињата, неодговорно сопственишство и поттикнување на агресија.**

Убивање на тие кучиња е сосема нехумано и неприфатливо, од причина што тие веќе се жртви на злоупотреба и агресија од страна на човек.

Сметаме дека со цел сузбивање на овие појави е потребно драстично зголемување на казните за лицата кои ги злоупотребуваат животните и кои ги поттикнуваат на агресија, како и воспоставување на систем на регистрација на истите лица.

**Случаи на каснување – ПОЈАВА НА АГРЕСИВНО ОДНЕСУВАЊЕ КАЈ ЖИВОТНИ СО СОПСТВЕНИК**

**Воедно при поединечни случаи на агресија кај животни со сопственик е неприфатливо одземање и убивање на животното како што предвидува Предлог Законот.**
Бихејвиористички истражувања на природата на кучињата укажуваат дека ниту едно куче не се раѓа агресивно, туку агресијата се стекнува или се учи како резултат на неодговорно сопственишство и злоупотреба од страна на човек (сопственик кој физички го злоставува кучето; сопственик кој мотивира агресивно однесување и/или истото го наградува; сопственик кој не се обидува да сузбие пројавена агресија кон други животни и тн). Затоа е потребно темелно да се изанализира контекстот во кој животното нападнало, а доколку е без икаква причина и предизвикување, вината да се бара во човечкиот фактор – неодговорен сопственик.
Во наведените случаи, доколку се евидентира дека животното манифестира стекната агресија и извршило напад на човек или друго животно, при што нанело повреди потребно е и прифатливо санкционирање на сопствениците кои практицираат неодговорност и небрижност, истите бидат евидентирани во засебен регистар за таа намена и обврзани да посетуваат обука за одговорно чување на миленици.

Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org

Инсистираме дека опцијата за убивање на животните кои нападнале е нехумана и неадекватна и истата бараме да биде исфрлена од предлог Законот, т.е заменета за далеку посоодветни и поефикасни мерки преку кои ќе се обезбеди висока заштита на населението, но и хуманост кон животните.

**7**. ФОРМИРАЊЕ И ОВЛАСТУВАЊЕНА ПОСЕБНА НАМЕНСКА „**СЛУЖБА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ“** ЗА ВРШЕЊЕ НАДЗОР И СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТи/или ПОЛИЦИЈА ЗА ЖИВОТНИ

**7.1. Нанаменски овластена СЛУЖБА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ согласно Закон за заштита и благосостојба на животните**

**Образложение** ; Во моментов единствено надлежна за да постапува во случаи на мачење, злоставување, занемарување и напуштање на животните во Република Македонија е ветеринарна инспекција при Агенција за храна и ветеринарство. **Меѓутоа ветеринарна инспекција е одговорна за десетици други надлежности а и не е специјализирана за заштита на животни . Како последица на тоа, сведоци сме на исклучително бројни и екстремни случаи на насилство врз животните во Р. Македонија, кои без двоумење укажуваат на агресија и насилство во македонското општество – девијантни појави кои треба да се превенираат, или доколку се случат треба да бидат строго санкционирани. Таквите случаи се најчесто истражувани, откривани и пријавувани од здруженијата за заштита на животни. За жал фактичката состојба укажува дека по истите не се постапува соодветно, т.е. дека иако здруженијата ги евидентираат и пријавуваат, случаите не добиваат адекватна правна завршница.**

Поради тоа предлагаме да во рамки на законот се даде можност за оформување /авторизирање на посебна служба, т.н. Служба за заштита на животни која би се занимавала исклучиво со злоставување, занемарување и напуштање на животните. Службениците (или инспекторите) би мораle да знат како да пријдат на непознато животно со непознат здравствен статус, како правилно да прочитат чип, како да препознат занемарување и злоставување на животни. Би биле овластени да барат сторители, наплаќаат казни на самото место и одземат животно ако проценат дека е потребно. Би соработувале со стационарите, ветеринарски станици, Агенцијата за храна и ветеринарство, ЕЛС и полицијата.

**Службениците за заштита на животните не би морале да бидат доктори по ветеринарна медицина (како ветеринарни инспектори) туку би било доволно да се едуцирани - добро го познават Закон за заштита и благосостојба на животните, поврзани процедури и хигиенско - здравствени мерки за заштита на работа со животни.**

Голем број активисти од здруженијата за заштита на животните се квалификувани за тоа, но за да се добие и законска рамка би можело да се организира службена куса едукација курс/ доообразование. **Со оглед на постоечката состојба, најлесно би било да под покровителство на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, се овозможи авторизирање на вакева специјализирана служба која произлегува од граѓанскиот сектор (Здруженијата а заштита на животни) кои имаат адекватни човечки ресурси, постојат, успешно и во континуитет дејствуваат и се пасионирани да дејствуваат и понатаму во овој домен - само недостигат финансии.**

Служби за заштита на животните или Полиција за животни постојат во светов (Холандија, Британија и САД ) се покажале како успешни. Во САД улога на полиција имат државни служби и невладини организации , а во акциите за спасување на животни во живо ги пратат и телевизиски камери.

Согласно тие примери од други држави , **важно е вклучување на непрофитни организации за контрола на спроведување на законот** и **би се постигнале оптимални резултати доколку се предвидат можности за нивно овластување од страна на надлежното министерство, односно министер или директорот на Агенција за храна и ветеринарство.** Вклучување на непрофитни организации , т.е здруженијата за заштита на животни би било повеќекратно корисно бидејки невладините организации имат искуства во работа со животни, заинтересирани се за инволвирање во тоа, а исто така добро го познават законот.

**Здруженијата на граѓани веке делумно се бават со ова проблематика , но без вистински овластувања , што го спречува понатамошен развој и можност за напредување и но и користење на можности за странски средства** . Пример е здружението за заштита на животни Анима Мунди кое веќе со години прима повици од граѓаните за мачење, злоупотреба и убивање на животните во Р. Македонија, и реагираат на нив со излегување на терен и поднесување на пријави и бројни Претставки до Агенција за храна и ветеринарство.

Ваква одредба на Законот воедно би преставувал темел за основање на полиција за животните со цел поефикасно спроведување на Законот за заштита и благосостојба на животните и казнувало напуштање,занемарување и мачење на животни.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ПРАШАЊА:

Еден од покритичните аспекти поврзани со кој било закон е, бездруго, неговото спроведување и ова е дури и поочигледно во однос на законите кои се однесуваат/опфаќаат сегменти на заштитата и благосостојбата на животните.

За да се обезбеди усогласеност со локалните и националните законски акти и со меѓународните регулативи во кои се опфатени аспекти кои бараат не само правно техничко знаење, туку и меѓу другото биолошки, ветеринарно-здравствени вештини, особено е потребна и темелна подготовка. Покрај тоа, од работниците во овој сектор често се бара да бидат способни да управуваат со сложени и нови ситуации како, на пример, заплена и транспорт на животни.

Имајќи ги на ум најдобрите европски практики, во земја како Македонија како алтернатива би можел да се поттикне и законодавен процес со кој ќе се преслика профилот на *еко-зоофилите (чувари на животната средина и на животните)* како што е предвидено во италијанскиот закон.

**7.2 Еко-зоофили (чувари на животната средина и на животните)**

*Еко-зоофилите* во Италија постојат уште од 1913 година (Закон бр. 611 од 12 јуни 1913 година), а сега се опфатени со Законот бр. 189 од 20 јули 2004 година и со други национални и регионални закони што се однесуваат на заштита на миленици.

Овој конкретен профил на занимање во италијанската легислатива влезе преку општиот принцип за безбедносни чувари, всушност, *еко-зоофилите (чуварите на животната средина и на животните)*, пред сè, се приватно обезбедување.

Кои се еко-зоофилите и каква е нивната мисија?

- Еко-зоофилите се волонтери од организации и асоцијации за заштита и благосостојба на животните кои минуваат низ посебна обука спроведена од овластени и специјализирани лица од истите организации и асоцијации;
- Превентивно дејство

Имаат многу важна улога во превенирање и информирање во однос на прашања поврзани со заштитата и благосостојбата на животните, која ја реализираат преку *препораките* до сопствениците на животни (за регистрација на животни, подобри здравствени, хигиенски и услови за сместување, итн.)

- Административно дејство

Тие имаат надлежност како и секој друг тип на *административна полиција*. И нивните задачи се дел од Решението за назначување и/или се утврдени со закон и правилник и конкретно се однесуваат на заштита на животните и заштита на добитокот.

Извештаите кои еко-зоофилите ги изготвуваат, како јавни службеници, имаат сила на јавен документ и претставуваат комплетни докази при правните постапки. Ова значи дека изјавата на еден ваков еко-зоофил (јавен службеник) во извештајот (за настани кои се случиле во негово присуство, кои ги видел со свои очи и не претставуваат слободна проценка или личен впечаток) е вистинита додека не се докаже спротивното.

Во однос на милениците (и бездомните и оние со сопственик), со неодамнешниот Закон бр. 189 од 20 јули 2004 година им беа проширени надлежностите и сега имаат статус на *вистинска полиција*.

**7.3 *Еко-зоофили* во Македонија**

Дали постои можност во македонското законодавство да се воведе таков профил на јавен службеник каков што е *еко-зоофилот* и кои би биле продобивките од сето тоа?

Како што веќе беше кажано, *еко-зоофилите* во италијанското законодавство се вклучени преку општиот принцип на *приватно обезбедување*. Во македонското законодавство постои закон за *приватно обезбедување* и затоа е можно преку овој закон да се воведе нов профил на приватно обезбедување со надлежности и задолженија поврзани со заштитата и благосостојбата на животните.

Во Италија *еко-зоофилите* обезбедуваат фундаментална соработка со релевантните институции, како и технички познавања и вештини. Понатаму, како што веќе беше

објаснето, вештините на *еко-зоофилот* ги покриваат сите области опфатени со овој закон, така што истите може да гарантираат суштински придонес во однос на имплементацијата на Законот за заштита и благосостојба на животните во Македонија.

Дополнтелно, ако овој нов профил на работник се вметне во нашето општество, ќе се отвори можност за многу млади луѓе да развијат нови професионални способности и вештини, а за истото буџетот на државата речиси нема да биде оптоварен.

**8. ЗАБРАНА ЗА РИТУАЛНО КОЛЕЊЕ НА ЖИВОТНИТЕ без омамување**

Со оглед на тоа дека ритуално колење е спротивно на секој пропис за колење и убивање на животни, бидејќи во текот на овој тип на колење животното не е под седативи или омамено, како и со оглед на тоа дека ова предизвикува огромна болка кај животното, што е спротивно на сите одредби од овој закон, со оглед на тоа дека ритуалното колење е брутално и најчесто се одвива во јавност, буквално пред очите на граѓаните, со оглед на тоа дека оваа практика е застарена, спротивна на суштината на Законот за заштита и благосостојба на животните, многу од македонските граѓани ги повикувале и сѐ уште ги повикуваат нивните институции на спроведување на построги регулативи.

Сегашната ситуација во Македонија открива две прашања: а) заштита на граѓаните, дури и како потрошувачи, кои не сакаат да гледаат сцени на насилство и не се подготвени да бидат принудени да прифатат такви практики на јавни места и б) заштита на некои фундаментални права кои се однесуваат на слободното изразување на една личност и не-дискриминација.

Еднаквоста на граѓаните е заснована во член 9 од Уставот на Република Македонија. Покрај тоа, член 16 предвидува дека: "Се гарантира слободата на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата".

Дополнително, со оглед дека Македонија има статус на држава-кандидат во рамките на процесот за влез во Европската унија, корисно е накратко да се споменат некои од

одредбите од Повелбата за фундаменталните права на Европската унија. Конкретно, во член 10 се наведува дека: „Секој има право на слобода на мислата, совеста и религијата" и членот 21 во кој се наведува дека: „Секоја дискриминација врз која било основа како што е пол, раса, боја на кожа, етничко или социјално потекло, генетски особености, јазик, религија или верување, политичко или какво било друго мислење, припадност на национално малцинство, имот, раѓање, инвалидитет, возраст или сексуална ориентација е забранета".

Затоа е неопходно да се препознае вистинскиот баланс помеѓу различните права кога е во прашање благосостојбата на животните.

Поради забраната за дискриминација, ништо нема да се каже за квантитативната димензија на феноменот бидејќи верските малцинства мора да бидат заштитени. Преку анализа на квалитативниот аспект, мора да се земат предвид, од една страна, зголемувањето на свеста дека потрошувачот не мора да биде принуден да присуствува на насилни појави спротивно на своите чувства. Покрај тоа, многу студии за развојот на личноста на децата покажуваат дека помагање или учество во насилнички акти или злоупотреба на животни, ја зголемува можноста дека во иднина кај нив ќе се развие агресивно и антисоцијално однесување. Од друга страна, постои правото на практикување на сопствената религија и неговите обреди. И, конечно, тука е секогаш поважно да се земе предвид благосостојбата и заштитата на животните.

Понатаму, мора да се има на ум дека дури и муслиманските и еврејски верски принципи велат дека животните треба да се третираат на сочувствителен и милостив начин. Денес модерните толкувања на овие чувства водат кон поголемо одбивање на практиката на ритуално колење од страна на многу муслимански и еврејски заедници, како и од страна на онлајн заедници посветени на алтернативна исхрана.
Европската унија генерално бара омамување пред колење, но им овозможува на државите-членки да дозволат исклучоци за верско колење. Австрија, Естонија и Словачка

го следат правилото на омамување после првиот рез; во Финска (со исклучок на Оландските Острови) животните мора да бидат омамени и колени во исто време; во Латвија, Шведска, Словенија и во финската покраина на Оландските Острови ритуално колење е дозволено само ако животните се претходно омамени. Без исклучок, забраната на ритуално колење без претходно омамување на животните е најдобро решение за македонското законодавство.

**9. Специфични нови критериуми за заштита на свињите**

Постои потреба да се воспостават заеднички минимални стандарди за заштита на свињите кои се чуваат за одгледување и гоење со цел да се одговори на зголемената популација во смисла на почитување на животните. Покрај тоа, научно е докажано дека благосостојбата на животните е основен начин да се гарантира квалитетот на производите за потрошувачите.

Затоа, различни услови во фармите би можеле да доведат до нарушување на конкуренцијата и непреченото организирање на заедничкиот пазар со свињите и производите направени од нив.

Следниве критериуми да се земат предвид со новиот „Закон за заштита и благосостојба на животните", кој влегува во сила од 1 јануари, 2014 година:

• Забрана на употреба на поединечни кафези за бремени маторици и назимки во период што почнува од 4 недели по оплодувањето до 1 недела пред очекуваното време за породување и врзување на свињата,

• Подобрување на квалитетот на подните површини,

• Постојан пристап до свежа вода и соодветен пристап до висококвалитетна храна,

• Зголемување на животниот простор на располагање за маторици и назимки,

• Овозможување на маториците и назимките да имаат постојан пристап до материјали за риење,

• Воведување на повисоко ниво на обука и компетентност поврзани со прашањата за благосостојба на персоналот задолжен за животните,

• Свињите да добијат барем еквивалентен третман на оној што им е доделен на животните како што е утврдено со Директивата 2008/120/ЕК.

# Меѓународна организација за заштита на животни

**Organisation Internationale pour la Protection des Animaux**
**Internationale Organisation für Tierschutz**
**Organizzazione Internazionale per la Protezione degli Animali**

Придружник на Одделот за јавно информирање на ОН
Organizzazione Non Governativa (ONG) affiliata al Dipartimento della Pubblica Informazione dell'ONU
**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
*Скопје, 09.09. 2014 година*

# ПРЕДЛОГ АМАНДМАНСКИ ИЗМЕНИ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА И БЛАГОСОСТОЈБА НА ЖИВОТНИТЕ ОД АВГУСТ 2014 ГОД

## II ДЕЛ
## АМАНДМАНИ


***Едоардо Гандини***
***Претставник за односи со јавност за ОИПА и ЕУ***
***Координатор за кампањи за ОИПА и ЕУ***
***Член на Европската мрежа составена од адвокати и комесари за имплементација на законите за заштита и благосостојба на животните***

**АМАНДМАН 1**

Во членот 1, по ставот 1 се додава нов став 2 кој гласи:

**2) Националните и локалните власти, научните организации, едукативните, ветеринарните, земјоделските, здравствените, информативните, културните и религиските институции, организации и асоцијации, како и останати институции, организации и асоцијации и правни и физички лица мора да ги почитуваат и штитат правата, интересите и потребите на животните и мора да промовираат и поттикнуваат подигање на јавната свест за заштитата и благосостојбата на животните.**

**АМАНДМАН 2**

- Во член 4 од нацрт – законот ставот 15 се менува и гласи:

**(15) Забрането е употреба на животни во филмови, реклами и за останати комерцијални цели ако животните се изложени на потенцијална болка, страв, стрес, повреда, патење и/или смрт;**

После ставот 15 се додаваат нови 20 става ( 16, 17, 18, 19, 20, 21, 22, 23, 24, 25, 26, 27, 28, 29, 30, 31, 32, 33, 34 и 35) кои гласат:

**(16) Забрането е ритуално колење на животни**
**(17) Забрането е моментално дробење на цели животни, односно мачерација во производство на јајца.**
**(18) Забрането е да се пласираат на пазарот и/или да се увезуваат и/или да се извезуваат од РМ производи изработени од крзно и/или кожа од мачка и/или куче и производи кои содржат таква кожа и/или крзно**

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**

**(19) Забранета е употреба на животни во груби спортови каде што може да дојде до повреда на животното;**

**(20) Забрането е давање на живи животни како награда на натпревари, игри на среќа, лотарии и секакви други настани;**

**(21) Забрана за неконтролирано размножување и продажба на домашни миленици освен во услови предвидени со Законот**

**(22) Забрането е продажба на животни на малолетници;**

**(23) Се забранува еутаназија на здрави бездомни животни, животни кои се излечиво болни, животни за кои постои интерес да бидат вдомени.**

**(24) Забрането е употреба на живи животни како мамки при лов и риболов;**

**(25) Забрането е експериментирање со животни во основни и средни училишта;**

**(26) Забрането е животните кои се чуваат во зоолошки градини да се користат за експерименти и/или да се продаваат на кои било институти за експерименти**

**(27) Забрането е вршење на експерименти врз бездомни животни**

**(28) Забрането е вршење на експерименти врз диви животни**

**(29) Забрането е вршење експерименти врз не-човеколики примати**

**(30) Забрането е вршење експерименти врз човеколики примати**

**(31) Забрането е вршење експерименти за изготовка на воено оружје или какви било други воени цели**

**(32)забрането е вршење експерименти врз животни за козметички производи и производи за домаќинство**

**(33) Забрането е вршење експерименти врз животните, ако постои меѓународно потврден алтернативен метод;**

**(34) Забрането е вршење експерименти врз животни без користење анестезија**

**(35)Забранет е секој контакт со животни кој има сексуална конотација, посебно сексуална злоупотреба**

**Ставот 16 од чл.4 од нацрт-законот СЕ БРИШЕ.**

**АМАНДМАН 3**

- Во член 10 ст.3 од предлог - законот за заштита и благосостојба на животните зборовите "едно лице претставник" се заменува со зборовите **"најмалку две лица претставници"**

**АМАНДМАН 4**

- Во член 13, став 4 се бришат зборовите „ кога тоа е потребно и практично изводливо "

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


- После членот 13 од предлог-законот за заштита и благосостојба на животните се додава нов член (13а) кој гласи:

**Член 13 а**

Конкретни одредби за заштита на кокошките несилки

1. Со овој член се утврдуваат минималните стандарди за заштита на кокошките несилки и истите не се однесуваат на:

   а) објекти со помалку од 350 кокошки несилки,

   б) објекти во кои кокошките несилки се одгледуваат за расплод.

2. Се забранува конструирање или за првпат ставање во употреба на незбогатени кафези. Забраната за одгледување во незбогатени кафези стапува во сила три месеци по влегувањето во сила на овој закон.
3. Според прифатениот систем или системи, сопствениците и/или одгледувачите на кокошките несилки нема само да ги применуваат релевантните одредби за заштита на животните предвидени со овој закон, туку и конкретните барања одделно за секој од системите наведени подолу:

а) алтернативен систем;

б) незбогатени кафезни системи;

в) збогатени кафезни системи.

4. Објектите за сместување на кокошки несилки ги задоволуваат следниве минимални барања:

а) Сопственикот или лицето задолжено да се грижи за кокошките мора да ги провери сите кокошки барем еднаш дневно;

б) Нивото на бучава е сведено на минимум. Се избегнува постојана или ненадејна бучава. Вентилацијата, машинеријата за хранење или другиот тип на опрема треба да се конструира, смести, употребува и одржува на таков начин што ќе предизвикува најмалку бучава што е можно;

в) Сите објекти треба да имаат ниво на светлина доволно за сите кокошки да може да се гледаат една со друго и да бидат јасно видливи, да бидат во можност да ја истражуваат средината во којашто живеат визуелно и да покажат нормални нивоа на активност. Онаму каде што има природна светлина, мора да се направат отвори за светлина така што светлината ќе продира рамномерно во целиот објект. По првите денови од привикнувањето на птиците на светлината, светлосниот режим ќе биде таков што ќе

спречува здравствени и бихејвиорални проблеми.

Во согласност со ова осветлувањето мора да се одвива според 24-часовен ритам и да опфаќа соодветен период на непрекината темнина, што ќе соодветствува со должината на денот и ноќта, а ќе биде околу една третина од денонoќието, така што кокошките ќе може да се одморат и да избегнат проблеми како што се имунодепресија и аномалии на очите. Кога светлината ќе се намалува треба да се обезбеди период на самрак од соодветно времетраење, така што кокошките ќе се подготват за ноќта без да се повредат и без да се вознемират;

г) Оние делови од згради, опрема или садови со кои кокошките доаѓаат во контакт темелно ќе се чистат и ќе се дезинфицираат редовно и без исклучок кога се врши депопулација и пред да се донесе нова група кокошки. Додека кокошките се во кафези површините и опремата треба да бидат доволно чисти. Изметот мора да се отстранува онолку често колку што е потребно, а мртвите кокошки треба да се отстрануваат секој ден;

ѓ) Кафезите мора да бидат опремени со соодветна опрема за кокошките да не може да избегаат;

е) Ако во конкретен објект кафезите се наредени во два или три реда едни врз други мора да има направи или да се преземат соодветни мерки за да може редовно да се проверуваат кокошките од сите редови и да се олесни нивното отстранување;

ж) Дизајнот и димензиите на вратите на кафезите мора да бидат такви што возрасна кокошка ќе може да се отстрани без да помине низ непотребно страдање и без да се повреди;

з) Се забранува секакво осакатување.

**АМАНДМАН 5**

- Во членот 15 од предлог-законот, после ставот (5) се додава нов став (6) кој гласи:

  **<u>За целите на постапките од Оддел 3 од овој закон не смеат да се користат следните видови животни:</u>**

  **1) загрозени видови согласно законодавството на Република Македонија и меѓународоното право за заштита на видови од дивата фауна;**
  **2) не-човеколики примати;**
  **3) човеколики примати;**
  **4) животни земени од дивината**
  **5) животни скитници (бездомни животни) кои припаѓаат на видови домашни животни.**

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org**
**presidency@oipa.org**


## АМАНДМАН 6

Во членот 16 став 9 од нацрт-законот за заштита и благосостојба на животните по зборот "агенцијата" се додаваат и зборовите "**здруженијата за заштита на животните, како и широката јавност"**

- Ставот 10 од истиот член СЕ БРИШЕ.
- Во ставот 11 од член 16 СЕ БРИШАТ зборовите : **"Во случај кога се работи за диви животни, одгледувачот на животни кои се чуваат за научни цели "**
- Став 12 од член 16 се менува и гласи:
  **Сите одгледувачи на животни кои се чуваат за научни цели, снабдувачи и корисници треба да водат детална евиденција за животните,видот на експериментална постапка, бројка на животни врз кој е спроведена експериментална постапка, штетата која е нанесена на животните, вклучувајќи го бројот на животни, видот на животните кои биле користени за целите на проектот, како и степенот на влијание на благосостојбата на животните кои се користат во проектот. Оваа евиденција треба да се чува во период од најмалку три години по смртта или повторното вдомување на животните и да биде достапна на барање на Агенцијата, здруженијата за заштита на животните, како и широката јавност.**
- Во став 13 од член 16 од нацрт-законот за заштита и благосостојба на животните СЕ БРИШАТ зборовите **"куче, мачка или не-човеколики примат"**, а се вметнува зборот **"животно".**

## АМАНДМАН 7

- Во член 19 ст.1 т.2 од предлог-законот за заштита и благосостојба на животните по зборот "животни" се додаваат зборовите
  **"односно за истата не постои алтернативна и научно призната постапка во интернационални рамки, која ги исклучува експериментите врз животни"**
- Во ставот (5) од истиот член од предлог-законот СЕ БРИШАТ зборовите " не-човеколики примати" , а на нивно место се вметнува зборот "животни".

- Во ставот 7, точка 2 од истиот член на предлог-закон за заштита и благосостојба на животните СЕ БРИШАТ зборовите **“ онаму каде што е потребно”**

**АМАНДМАН 8**

- Во членот 20, СЕ БРИШЕ ставот 4 од предлог-законот за заштита и благосостојба на животните., а ставовите 5,6,7 и 8, стануваат 4,5,6 и 7.

**АМАНДМАН 9**

- Во членот 21 став 1 СЕ БРИШЕ точката 2, а точката 3 станува точка 2.

**АМАНДМАН 10**

- Во член 24 став1 од предлог-законот за заштита и благосостојба на животните СЕ БРИШАТ зборовите “освен доколку е потребно дополнително спроведување на активности за целите за заштита на здравјето или безбедноста на луѓето или животната средина”

**АМАНДМАН 11**

После членот 24 од предлог-законот се додава нов член 24 а кој гласи:

**(1)Се воведува обврска за финансирање на развојот на алтернативни методи со процент повисок од 50% од вкупниот износ наменет за научни истражувања во Република Македонија;**

**(2) Признавање на правото на приговор во сите универзитети, болници, јавни и приватни центри како што е случај во најнапредната легислатива во светот.**

**АМАНДМАН 12**

Членот 25 од предлог-законот за заштита и благосостоја на животните СЕ БРИШЕ.

**АМАНДМАН 13**

**Насловот на членот 28 кој гласи кучиња скитници, се менува и гласи „бездомни животни“. Исто така во целиот текст на членот 28 зборовите кучиња скитници се менуваат со зборовите бездомни животни.**

<u>Објаснување:</u> **Ова од причини што на тој начин овие одредби освен за уличните кучиња, би се однесувале и на уличните мачки и со тоа дословно би се исполнила првата цел од член 2, а тоа е животните да бидат третирани како свесни суштества. Терминот кучиња скитници е директно спротивен израз со член.1 каде јасно се наречени бездомни животни.**

- Во членот 28 од ставот (3) , последната реченица по зборот „страдање“ се менува и гласи: „ По исклучок, **во случаи кога кога конзорциум од три доктори по ветеринарна медицина ќе дадат идентично мислење и проценат дека излекувањето на животното е невозможно поради сериозно или неизлечиво заболување и неговиот понатамошен живот би бил исполнет со болка, се дозволува еутаназија на животното.**

<u>Објаснување:</u> **Во предлог – законот последната реченица од ст.3 на чл. 28 која гласи:** По исклучок, општината, општините во градот Скопје, односно градот Скопје може да применат и други пропишани методи за контрола на популацијата на кучињата скитници.“ **е нејасна и противречна на законскиот текст, бидејки во целиот закон освен методот залови, стерилизирај, врати, не е предвиден друг метод за контрола на популацијата бездомни животни, па е нејсно на кој друг метод упатува предлагачот.**

по ставот (4) од истиот член се додава нов став (5) кој гласи:

**(5) Асоцијациите и организациите за заштита на животните се вклучени во спроведувањето на методите за контрола на популацијата на бездомни кучиња и мачки;**

- Ставовите 5 и 6 стануваат 6 и 7. Во новиот став 6 се бришат зборовите “и нерегистрирани кучиња” По ставот 7 се додаваат нови ставови 8,9,10 и 11 кои гласат:

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**


- **8. Надлежниот доктор по ветеринарна медицина е должен да укаже медицинска помош на куче кое е болно, повредено и страда.**

- **9. Се забранува еутаназија на здрави животни, животни кои се излечиво болни, животни за кои постои интерес да бидат вдомени.**

- **10. Доколку постои интерес од правни или физички лица за превземање грижа за животното предвидено за еутаназија, прифатилиштето е должно истото да го отстапи, а понатамошните трошоци ги превзема оној кој ја превзема** грижата за кучето.

- 11. Еутаназијата ја изведува надлежниот ветеринар, по извршена проценка од тројца доктори по ветеринарна медицина.

  Ставовите 7 и 8 од предлог -законот стануваат 12 и 13, по кои се додаваат уште два нови става 14 и 15, кои гласат:

**14. Установите и прифатилиштата од став 1 од овој член имаат обврска да ги огласуваат заловените кучиња и/или мачки најмалку еднаш неделно за истите да може лесно да си најдат дом;**

**15. Сите установи и прифатилишта од став 1 од овој член дозволуваат и поттикнуваат соработка со здруженијата за заштита на животни и граѓаните, и охрабруваат влез на волонтери**

Ставовите 8 и 9 од предлог -законот стануваат 16 и 17

**АМАНДМАН 14**

- Во членот 30 став 1 од предлог-законот СЕ БРИШЕ алинеа 3.

- Во член 30, став 6 **се бришат зборовите** „ или се еутаназира во случај кога се исцрпени сите можности за вдомување но не подоцна од 30 дена сметано од денот кога е спроведен тестот на социјализација. **Се бришат и наредните две реченици:** „Доколку се утврди дека кучето е агресивно, кучето се еутанизира. Трошоците направени за спроведување на овие постапки се на терет на

сопствениците односно лицата кои се затекнати во организираната борба со кучиња."

- Во чл.30 став 7 по зборовите „ги пропишува" **се бришат зборовите** „расите на кучиња кои се прогласуваат за опасни кучиња„.

**АМАНДМАН 15**

(1) Во член 31, став 3 се бришат зборовите „ или се еутаназира кога ќе се исцрпи можноста за вдомување но не подоцна од 30 дена од денот на излоација.„.

(2) Во чл.31 став 4 се бришат зборовите„ или се еутаназира кога ќе се исцрпи можноста за вдомување но не подоцна од 30 дена од денот на излоација.„.

**АМАНДМАН 16**

(1) Во член 32 , став 2, зборовите „ истото веднаш се одзема и еутаназира. „ се заменуваат со зборовите „ истото се кастрира односно ојаловува и се нуди за вдомување.

(2) Во член 32, став 3 , зборовите „ и еутаназира" се заменуваат со и по извршена проценка дали е подобно за вдомување, се нуди на вдомување и се ресоцијализира .

**АМАНДМАН 17**

- Во членот 34 од нацрт-законот за заштита и благосостојба на животните во ставот 3 по точката (5) се додава нова точка (6) која гласи:

  **(6) Лицата кои постапуваат со животните за време на нивно товарање, трансфер или на конечната дестинација гарантираат дека животните се психо физички спремни за транспорт и дека се утоварени, истоварени и третирани во согласност со одредбите од овој Закон.**

  Точките 6,7 и 8, стануваат 7,8 и 9, по кој се додава нова точка с 10 коај гласи:

  **(10) За животните кои се транспортираат до кланици е утврдено максимално време на транспорт од 8 часа.**

**АМАНДМАН 18**

Во членот 36 од предлог-законот за заштита и благосостојба на животните, ставот

Fiscal Code: 97310380155
Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org
presidency@oipa.org


2 се менува и гласи:

- **Превозникот е должен да назначи лице одговорно за превозот кое ќе ја гарантира заштитата и благосостојбата на животните, редовно ќе ги информираат лицата присутни во собирните центри за нивните должности и обврски согласно со овој Закон, како и со казните за секое негово непочитување и да обезбеди дека информациите за планирање, спроведување и довршување на патувањето под негов надзор се достапни во секое време.**

**АМАНДМАН 19**

Во членот 48 во ставот (2) од предлог -законот СЕ БРИШЕ точката 3.

**АМАНДМАН 20**

Во Член 55 (Надлежност за вршење надзор) по став 1 се додава став 2 кој гласи:
**За надлежноста вршење надзор Министерот може да ополномошти и непрофитна организација односно здружение за заштита на животни.**
Постоечкиот став 2 станува став 3.

**АМАНДМАН 21**

**Во чл.68 ст.3 зборовите "пет години" се заменуваат со зборовите "една година".**

# Меѓународна организација
# за заштита на животни

**Organisation Internationale pour la Protection des Animaux**
**Internationale Organisation für Tierschutz**
**Organizzazione Internazionale per la Protezione degli Animali**

Придружник на Одделот за јавно информирање на ОН
Organizzazione Non Governativa (ONG) affiliata al Dipartimento della Pubblica Informazione dell'ONU

**Fiscal Code: 97310380155**
**Headquarters: Via Passerini 18 , I-20162 Milan (Italy) Tel +39 026427882 Fax +39 0299980650 www.oipa.org presidency@oipa.org**

****

**Предлог Амандманските измени на Нацрт Законот за заштита и благосостојба на животните, ги доставува Здружението за заштита на животни „Анима Мунди“, поддржано од здруженијата „Гласот за животните“, „Мали херои“, „Анималиа, „Анимал ворлд“, „Втора шанса“ , „Фауна“ и други.**

Контакт:

Столе Велковски, Анима Мунди 077 487 253, 077 487 255
Наталија Радивојевиќ Миленкова, адвокат: 077 742 324